# План за спроведување
# на проценка на влијанието на регулативата

| | |
|---|---|
| **Наслов на предлог законот:** | Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за полиција |
| **Министерство:** | Министерство за внатрешни работи |
| **Лице за контакт/одговорно лице:** | Весна Доревска, помошник на министерот во Сектор за правни работи и управување со човечки ресурси |
| **Очекуван датум за усвојување на предлог законот:** | 31 октомври 2011 година |
| **Поврзаност со ЕУ директиви** | Не |

| |
|---|
| **Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**<br>**(Забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот елетронски регистар на прописи)** |

## А. Почетна проценка на влијанието на регулативата

### 1. Кои се главните проблеми?

Согласно решенијата содржани во новиот Закон за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 150/10), со кои се вопоставуваат нови концептуални поместувања во процесот на кривично гонење и спроведување на кривичната постапка, Министерството за внатрешни работи, како орган на државната управа надлежен за вршење на полициски работи односно извршување на полициските овластувања, што се предмет на уредување на Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија бр.114/06 и 06/09), ќе изврши анализа на потребата од ревидирање на одредени одредби од Законот за полиција, со цел нивно соодветно усогласување со решенијата предвидени во Законот за кривичната постапка.

### 2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или регулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

Законот за полиција ќе биде ревидиран во насока на усогласување со новите концептуални решенија утврдени согласно Законот за кривичната постапка.

**3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?**

Министерство за внатрешни работи, како и надлежните органи на државната управа кои во рамки на спроведување на работите од делокруг на својата надлежност имаат допирни точки со полициските работи, односно извршувањето на полициските овластувања.

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

**1. Кои информации и податоци се веќе достапни?**

Во процесот на анализа и проценка на влијанието на регулативата достапни се решенијата содржани во прописите во областа на внатрешните работи, полициските работи, како и прописите кои имаат допирни точки со извршувањето на полициските работи односно поициските овластувања.

**2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?**

Во оваа фаза не се потребни дополнителни информации и податоци.

**3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата – принцип на пропорционална анализа)?**

Иницијална проценка на влијанието на регулативата

**4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?**

Проценката на влијание на регулативата ќе биде извршена од страна Министерството за внатрешни работи